МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК

## за II година

### Гимназиско образование

Скопје, 2025 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Француски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | II (втора) |
| **Ниво на изучување** | Со втората година од изучувањето на францускиот јазик треба да се достигнат знаења од рамништето А2+ /Б1.1 според Заедничката европска реферетна рамка за јазиците. |
| **Теми/подрачја во наставната програма**[1] | • ***Секојдневен живот (Купување облека и обувки)***<br>• ***Слободно време (Патување-опишување на едно патување)***<br>• ***Животна средина (Околината и грижата за неа)***<br>• ***Средства и начини за комуникација***<br>• ***Култура и интеркултурна комуникација*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Компјутер, печатач, проектор, табла, ЦД/ДВД-плеер, интерактивна табла, Интернет, образовни софтвери;<br>• Нагледни средства, постери, фотографии, слики, флеш-карти, налепници, хартија, хартија во боја, хамер, ...<br>• Учебник, прирачници, речници, списанија, стрипови (печатени и онлајн). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Француски јазик во II (втора) година гимназиско образование може да ја изведува лице кое завршило:<br>- студии по француски јазик и книжевност – наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, |

[1] Називот на темата е формулиран согласно соодветната лексика која преовладува во неа, но при избор на учебник и/или друг дидактички материјал треба да се земат предвид говорните чинови, лексичките единици и граматичките структури застапени во целата наставна програма, без оглед на тоа како се распоредени по темите во наставната програма.

| | |
|---|---|
| | - студии по француски јазик и литература – наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по француски јазик и книжевност/литература – друга насока и соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по француски јазик (со звање дипломиран филолог) и соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по француски јазик на друга студиска програма во комбинација со друг јазик и соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***СЕКОЈДНЕВЕН ЖИВОТ (Купување облека и обувки)***
Вкупно часови: **20**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбере слушнат/пишан текст поврзан со купување;
2. побара/даде информации при усна интеракција на тема: купување;
3. побара/даде информации при онлајн купување;
4. напише едноставен краток текст во кој опишува облека, обувки и модни додатоци, модни стилови.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| А) Говорни чинови (actes de parole):<br><br>**Барање/давање информации при купување облека, обувки и модни додатоци во продавница**<br><br>*-Bonjour Madame. Est-ce que je peux vous aider ?* | • Разбира слушнат и/или пишан едноставен текст поврзан со купување;<br>• Прашува и одговара за цена, големина/број, боја и материјал на облека во продавница за облека;<br>• Разменува информации, при усна интеракција, во врска со купување облека, |

| | |
|---|---|
| *- Bonjour. Je voudrais essayer cette robe rouge, s'il vous plaît.*<br><br>*-Vous voulez essayer cette veste ?*<br>*-Oui, où est la cabine d'essayage ?*<br>*-La cabine est au fond du magasin, à gauche.*<br><br>*- Quelle est votre taille?*<br>*- Je fais du 40.*<br><br>*- Quelle est votre pointure?*<br>*- 38, merci.*<br><br>*- Cela coûte 30 euros.*<br><br>*- Ça fait combien ?*<br>*- Ça fait 10 euros.*<br><br>**Купување облека, обувки, модни додатоци и други артикли преку интернет**<br><br>*Claire : Tu fais du shopping en ligne ?*<br>*Chloé* **:** *Oui, je cherche un cadeau pour l'anniversaire de ma sœur.*<br>*Lucie : Pourquoi tu ne lui achètes pas un billet pour le concert de son chanteur préféré ? Sur ticket.it, on peut acheter les billets de tous les concerts.*<br>*Chloé* **:** *Excellente idée ! Merci beaucoup pour la proposition !*<br><br>*-Je voudrais commander…*<br>**-***Est-ce que ce produit est disponible ?*<br>*-Cliquez sur : confirmer la commande.*<br>*-Puis-je annuler ma commande ?* | обувки и модни додатоци во продавница или онлајн;<br>• Нарачува облека, обувки, модни додатоци и други артикли преку интернет;<br>• Пишува едноставен текст со опис на облека, обувки, модни додатоци и модни стилови. |

| | |
|---|---|
| **Опишување облека, обувки, модни додатоци и модни стилови**<br><br>*Mon style est plutôt décontracté et sportif.  En général, je porte des vêtements simples et confortables. En semaine, je mets souvent un jean et un T-shirt.  Mais, le week-end, quand je sors avec mes amis, j'aime porter des vêtements plus élégants  et des chaussures à talons hauts.*<br><br>*J'aime les accessoires et j'aime porter un sac à main, des bijoux, des lunettes de soleil...* | |
| Б) Лексички единици:<br>Повторување и усвојување нова лексика поврзана со:<br>• купување во продавница:<br><br>*- les lieux et les personnes :  le shopping, le magasin de vêtements / de chaussures; la boutique ; la cabine d'essayage; le vendeur / la vendeuse ; le client / la cliente ;la caisse / le caissier…*<br>*- les actions : acheter; vendre; payer; payer en espèces / en liquide; payer par carte (bancaire); essayer / mettre / porter un vêtement; saluer / remercier…*<br>*- les prix et les promotions : le prix / le prix normal; la réduction de 30 %; les soldes; la promotion…*<br>*- Les tailles et les mesures : la taille (pour les vêtements); la pointure (pour les chaussures)…*<br>*- les accessoires : le bonnet; le bracelet; le collier; l'écharpe; les lunettes de soleil; le sac à main…*<br>*- les matières : le tissu ; la veste / le pull / le pantalon en coton / cuir / laine / soie…* | • Разбира зборови и изрази поврзани со купување во продавница или онлајн ;<br>• Пренесува значење (врши медијација) на мајчин или на француски јазик на зборови и изрази што се употребуваат при купување;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при купување облека, обувки и модни додатоци во продавница;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при купување преку интернет;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази, при опишување  облека, обувки, модни додатоци и модни стилови. |

| | |
|---|---|
| *- les styles vestimentaires : le style décontracté / casual; le style vintage / rétro; le style rock; le style minimaliste; le style éco-responsable…*<br><br>• купување преку интернет:<br><br>*- le site et la connexion : les achats en ligne (le e-commerce), le site Internet; la page d'accueil; l'application; la connexion / la déconnexion; le compte utilisateur; le profil ; l'identifiant ; le mot de passe…*<br><br>*- la commande : le produit / l'article disponible ; le panier; le paiement en ligne; la confirmation / l'annulation de commande…*<br><br>*- la livraison: l'adresse / le délai / les frais de livraison; la livraison gratuite…*<br><br>*- les actions: (re)chercher un produit ; choisir / comparer / acheter en ligne; ajouter au panier; valider la commande; passer commande; confirmer / annuler une commande; recevoir un produit; retourner / échanger un produit; demander un remboursement; faire / déposer une réclamation; remercier le vendeur…* | |

| | |
|---|---|
| В) Граматички содржини:<br><br>• Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:<br><br>- Изговор на вокалите карактеристични за францускиот јазик, прозодиски елементи (акцент, ритам, интонација) и задолжително поврзување при изговор.<br><br>- Член, род и број на именки поврзани со темата, придавки (описни, присвојни, показни, прашални, неопределени), степенување на придавките, заменки (неопределени *tout(e), tous(tes)*, заменки за директен и индиректен предмет ; прилошки заменки *en* и *y*), прилози за количина и начин (*bien, beaucoup*), степенување на прилозите (bien), предлози и сврзници.<br><br>- Глаголски времиња и начини: индикатив сегашно време; конструкции од типот: *vous voulez /devez/pouvez/ tu veux / tu dois / tu peux / + infinitif*; условен начин во конструкции од типот : *Je voudrais / je pourrais* + infinitif/ *voudriez-vous + infinitif…*<br><br>- Реченици: исказна (потврдна и одречна форма) и прашална. | • Употребува доволно правилен изговор и интонација;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази поврзани со темата;<br>• Употребува правилни форми на именки поврзани со темата;<br>• Употребува соодветни форми на придавки поврзани со темата;<br>• Употребува соодветни форми на заменки поврзани со темата;<br>• Врши споредба на придавки и прилози во даден контекст;<br>• Употребува соодветни форми на глаголи во сегашно време поврзани со темата и конструкции од типот: *vous voulez /devez/pouvez/ tu veux / tu dois / tu peux / + infinitif*; условен начин во конструкции од типот : *Je voudrais* / *je pourrais* + infinitif/ *voudriez-vous + infinitif*<br>• Употребува прилози за количина и начин: *beaucoup, bien* во едноставни реченици.<br>• Употребува соодветни форми на предлози и сврзници во даден контекст.<br>• Користи едноставни расказни (потврдна и одречна форма) и прашални реченици при усно и писмено изразување. |

| | |
|---|---|
| | |

**Примери за активности:**

**Вежба:** *Бура на идеи. Наставникот запишува на табла: Les vetements.* Учениците кажуваат зборови и изрази поврзани со темата, а наставникот ги запишува на табла.

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето.* Учениците читаат краток текст во кој се опишува искуството со купување на облека преку интернет, во кој се појавуваат нови зборови и изрази поврзани со темата. Учениците преку контекстот на текстот даваат претпоставки за значењето на зборовите поврзани со купување, со решавање прашања со повеќечлен избор. Доаѓаат до значењето на новите зборови и на работен лист во табела ги запишуваат новите зборови со што ја дополнува листата со нови изрази и зборови.

**Слушање аудио-снимка /читање краток едноставен текст/ гледање видео или слика проследено со некоја од следниве активности:** давање претпоставки, одговорање на прашања за глобално разбирање (*qui, quoi, quand, comment, où*), точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации, прашања со повеќечлен избор.

*- Bonjour, je voudrais commander un sac à main sur votre site.*
*- Bonjour Madame. Très bien. Vous avez déjà un compte utilisateur ?*
*- Oui, j'ai un compte. Je vais me connecter.*
*- Je cherche un sac rouge. Est-ce que vous en avez ?*
*- Oui, nous avons plusieurs modèles. Lequel voulez-vous ?*
*- Celui-ci, avec la description "sac à main cuir, avec bandoulière". Il coûte 45 euros.*
*- Parfait. Voulez-vous l'ajouter au panier ?*

*- Oui. Je viens de cliquer.*
*-Très bien. Vous pouvez confirmer votre commande. Les frais de livraison sont gratuits.*
*-Super. Je vais payer par carte bancaire.*
*-D'accord. Pouvez-vous saisir votre numéro de carte, la date d'expiration et le cryptogramme visuel ?*
*-C'est fait. La commande est confirmée.*
*-Merci beaucoup. Vous allez recevoir un email avec la facture et le suivi de commande. La livraison prendra 3 jours.*
*-Parfait, merci pour votre aide !*
*-Avec plaisir, bonne journée Madame.*

**Вежба:** *Трансформирање реченици со степенување на придавки и прилози*. Наставникот им дели на учениците ливчиња на кои се напишани реченици. Учениците треба да ги пронајдат придавките и прилозите и да ги трансформираат реченициte. Пр.: *Jean s'habille très bien. Mais David s'habille _________ Jean.*

**Вежба:** *Пронајди ја облеката.* Наставникот ги дели учениците во парови и на секој пар му дава слика со облека. Еден ученик од парот ја опишува облеката, а другиот ученик ја погодува облеката. На пр. - *Il est beige, long, élégant. On le porte en hiver. - Le manteau !*

**Вежба:** Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн-вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет-страниците за учење француски јазик).

**Усно изразување:**

*Aujourd'hui, je porte un pull chaud et un pantalon confortable, parce qu'il fait un peu froid.*
*J'ai aussi mis une veste marron et une écharpe en laine.*
*Quand il y a du vent, je mets aussi un chapeau.*
*Les couleurs de mes vêtements sont souvent beige, orange et marron, comme les feuilles d'automne.*

**Усна интеракција:** Учениците, во парови, водат однапред подготвен дијалог. Останатите ученици од паралелката слушаат внимателно и ги оценуваат своите соученици според однапред дадена бодовна листа од страна на наставникот.

*Пр.:*

*Agent : Bonjour, ici TopShop. Je m'appelle Laure, du service client. Est-ce que je parle avec Monsieur …. ?*
*Client : Oui, c'est moi. Bonjour !*

*Agent : Bonjour, Monsieur ! Aujourd'hui, TopShop propose une promotion spéciale pour les jeunes : une nouvelle montre connectée SmartFit.*
*Client : Ah, une montre connectée ? Qu'est-ce qu'elle fait ?*
*Agent : Elle compte vos pas, mesure votre rythme cardiaque et reçoit vos messages de votre téléphone.*
*Client : Super ! Et combien ça coûte ?*
*Agent : Le prix normal est de 59 euros, mais aujourd'hui elle est à 39,90 euros seulement.*
*Client : Pas mal ! Est-ce qu'elle existe en plusieurs couleurs ?*
*Agent : Oui, bien sûr, en noir, en bleu et en rose. Quelle couleur préférez-vous ?*
*Client : En noir, s'il vous plaît.*
*Agent : Très bien ! Souhaitez-vous la recevoir à domicile ? La livraison est gratuite cette semaine.*
*Client : Oui, parfait. Je la commande tout de suite !*
*Agent : Merci, Monsieur …. Votre commande sera livrée dans trois jours.*
*Client : Merci beaucoup, bonne journée !*
*Agent : Merci à vous, au revoir et à bientôt sur TopShop!*

**Писмено изразување.** Учениците пишуваат едноставен текст во кој го опишуваат својот стил на облекување, омилената облека за разни прилики, омилените бои, материјали…

**Креативна активност:** „Онлајн шопинг". Учениците, во групи, избираат неколку слики од облека, од обувки, од модни додатоци на интернет.
*Пр.:*
*Nom du produit : T-shirt "Paris"*
*Couleur : blanc*
*Taille : M*
*Prix* **:** *19,90 €*
*Description : T-shirt en coton doux, très confortable, avec un motif représentant la Tour Eiffel. Idéal pour un style décontracté et moderne.*
Учениците прават мини „онлајн-каталог" (catalogue en-ligne) со неколку „fiche produit", го прикачуваат на нивниот блог или на хамер, потоа го презентираат пред паралелката, како мала реклама.

Тема: ***СЛОБОДНО ВРЕМЕ (Патување-опишување на едно патување)***

Вкупно часови: **22**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да**:**

1. разбере слушнати/пишани искази/ едноставни кратки текстови во врска со патување;
2. побара/даде информации при усна интеракција за патување;

| 3. опише усно и во краток едноставен текст, ситуации, настани, впечатоци и чувства од едно патување. | |
|---|---|
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| А) Говорни чинови (actes de parole):<br>• Раскажување настани од некое патување<br><br>*Le mois dernier, je suis allé à Paris avec mes cousins. Ils y font leurs études d'informatique. J'ai visité la Tour Eiffel et la cathédrale Notre Dame de Paris. Il y avait trop de monde sur les Champs-Elysées, l'avenue la plus connue au monde….*<br><br>• Опишување места<br><br>*L'année dernière, je suis allé(e) à Lyon avec ma famille. Lyon se trouve au Sud-Est de la France. C'est une grande ville avec beaucoup de cafés et restaurants.*<br>*J'ai visité beaucoup de monuments, le Vieux Lyon et la cathédrale Saint-Jean.*<br><br>• Искажување чувства и впечатоци од некое патување<br><br>*Je n'aime pas trop voler. J'avais peur dans l'avion.*<br>*J'étais un peu stressé(e), mais heureux(-euse);*<br>*J'ai adoré ce voyage. Je me suis bien amusé(e).*<br>*J'étais impressionné(e) par la beauté de la ville.*<br>*Le paysage était magnifique. J'adorais les belles promenades dans les rues de la ville.*<br>*C'était un voyage inoubliable !* | • Разбира слушнат и/или пишан едноставен текст во врска со патување;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази во врска со некое патување;<br>• Разменува информации во врска со патување, при усна интеракција;<br>• Опишува, во едноставен краток текст, посетено место, активности и впечатоци од некое патување. |

| | |
|---|---|
| Б) Лексички единици:<br><br>• Зборови и изрази поврзани со патување:<br><br>*- le touriste/ le voyageur / le passager ; l'agence de voyage ; le site Booking, Airbnb ; ...*<br><br>*- les moyens de transport : l'avion, le train, la voiture, la moto, le bateau, le tramway, le métro, le bus ; l'aéroport, la gare ferroviaire, la gare routière, l'arrêt de bus ; ...*<br><br>- *les actions* : *voyager, découvrir, se reposer, nager, se balader, sortir, arriver, se déplacer ; passer les vacances, faire une excursion/un séjour, aller à la mer/au lac/ à la montagne, visiter une ville/un pays, prendre l'avion/la voiture/le train ; prendre des photos, faire une réservation, louer une chambre d'hôte /une voiture…*<br><br>*- l'hébergement : l'hôtel, la chambre d'hôte, l'auberge de jeunesse, le chalet, le camping …*<br><br>- *les sentiments et les impressions* : *être heureux (heureuse)/ surpris (surprise) / fatigué (fatiguée) …*<br><br>*- la description d'un lieu visité : beau/belle ; intéressant(e) ; magnifique ; animé(e)...* | • Разбира и набројува зборови и изрази поврзани со патување;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при опишување едно патување;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази, при усно изразување, во врска со впечатоци од некое патување;<br>• Пренесува значење (врши медијација) на мајчин или на француски јазик, на зборови и изрази во врска со патување;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази, во едноставен краток текст, во врска со посетено место, активности и впечатоци од патување. |

| | |
|---|---|
| В) Граматички содржини:<br><br>• Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:<br><br>- Изговор на вокалите карактеристични за францускиот јазик, прозодиски елементи (акцент, ритам, интонација) и задолжително поврзување при изговор.<br><br>- Член, род и број на именки поврзани со темата, придавки (описни, присвојни, показни, прашални, неопределени), заменки (неопределени *tout(e), tous(tes)*, заменки за директен и индиректен предмет; прилошки заменки *en* и *y*), прилози за време (*hier, avant-hier, avant, alors, après, souvent, toujours, enfin, jamais, de temps en temps, tôt, tard, maintenant, parfois, en même temps, tout de suite…*), и за начин (*bien, beaucoup, ensemble*), предлози и сврзници.<br><br>- Глаголски времиња и начини: индикатив сегашно време, минато определно свршено време, минато определено несвршено време; условен начин во конструкции од типот : *je voudrais* / *je pourrais* + infinitif/ *voudriez-vous + infinitif;*<br><br>- Реченици: исказна (потврдна и одречна форма) и прашална. | • Употребува доволно правилен изговор и интонација;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази.<br>• Употребува правилни форми на именки во врска со темата *патување*.<br>• Употребува правилни придавски форми во врска со темата *патување*.<br>• Употребува правилни заменски форми во врска со темата *патување*.<br>• Правилно употребува глаголски форми во сегашно време (présent), во минато определено свршено време (passé composé) и минато определено несвршено време (imparfait) во врска со темата *патување*.<br>• Правилно употребува прилози за начин во врска со темата *патување*.<br>• Правилно употребува прилози за време во врска со темата *патување*.<br>• Употребува соодветни форми на предлози и сврзници во даден контекст.<br>• Користи едноставни расказни (потврдна и одречна форма), прашални и извични реченици при усно и писмено изразување. |

**Примери за активности**

**Вежба:** *Бура на идеи.* Наставникот запишува на табла: *Le voyage.* Учениците кажуваат зборови и изрази поврзани со зборот, а наставникот ги запишува на табла.

**Слушање/читање краток едноставен текст проследено со некоја од следниве активности:** давање претпоставки, одговорање на прашања за глобално разбирање (*qui, quoi, quand, comment, où*), точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации, прашања со повеќечлен избор.

*Mon voyage à Paris*

*Je suis allé(e) à Paris l'été dernier. La ville est très belle et intéressante. J'ai visité la Tour Eiffel et le Louvre. Le paysage est magnifique. Les rues sont animées et pleines de gens. La nourriture est délicieuse. J'étais très impressionné(e) par les monuments. Le musée était intéressant et éducatif. J'ai pris beaucoup de photos. C'était un voyage inoubliable !*

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето.* Наставникот/наставничката им дели работно ливче на учениците со емотикони што означуваат чувства и соодветните придавки на француски јазик.

Учениците, во парови, ги поврзуваат емотиконите со соодветните значења. Ги кажуваат решенијата пред нивните соученици. Се коригираат заемно, а доколку е потребно, наставникот/наставничката им помага. На крај, го утврдуваат значењето на придавките.

**Вежба:** *Учениците спојуваат, во табела, реченици на мајчин јазик и на француски јазик, со исто значење.*
*Пр.:*

| | |
|---|---|
| *Беше неверојатно!* | *C'était fatiguant !* |
| *Беше прекрасно!* | *C'était amusant !* |
| *Беше заморно!* | *C'était dangereux !* |
| *Беше забавно!* | *C'était inoubliable !* |
| *Беше незаборавно!* | *C'était magnifique !* |
| *Беше опасно!* | *C'était incroyable !* |

**Практична задача:** *Доаѓање до правилото*. Наставникот покажува или гестикулира мала сцена: *Une fille marche dans la rue, il pleut, elle chante, puis soudain, elle tombe.* Потоа им поставува прашања на учениците: *Qu'est-ce qui se passait ? (il pleuvait, elle marchait, elle chantait) Qu'est-ce qui s'est passé ? (elle est tombée).* Бара од учениците да ги сменат глаголите од дадената реченица во соодветното минато време (*"Il pleuvait, elle marchait, et tout à coup elle est tombée.").* Доколку е потребно, ги коригира нивните одговори. На крај, учениците доаѓаат до правилото за употребата на *passé composé* и *на imparfait.*

**Вежба:** *Игра со коцки.* Секој број одговара на по еден прилог. Пр.: 1 = hier, 2 = souvent, 3 = jamais, 4 = maintenant, 5 = tôt, 6 = après. Учениците, еден по друг, ја фрлаат коцката и измислуваат по една реченица, употребувајќи го извлечениот прилог, според бројката која се паднала.Секој ученик наизменично ја фрла коцката. Го погледнува бројот кој се паднал. Го наоѓа соодветниот прилог од табелата. Потоа измислува една реченица на француски јазик, во која го употребува тој прилог.

**Вежба:** Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн-вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет-страниците за учење француски јазик).

**Вежба:** *КВИЗ - Prêts à voyager.* Наставникот ги дели учениците во парови или групи и на секој пар или група им дели прашалник на хартија или дигитално (Kahoot, Quizzlet, Quizziz… ) *:1. Comment voyages-tu d'habitude ? a) en train b) à l'école c) à pied. 2. Où dors-tu quand tu es en vacances ? a) à moto b) à l'hôtel ou au camping c) dans le musée  итн.)* Учениците одговараат на прашањата. На крај парот или група со најмногу поени се прогласува за победник.

**Усно изразување:**

*L'été dernier, je suis allé(e) au Monténégro, à Budva, avec ma famille – mes parents et ma sœur.*
*Nous y sommes restés deux semaines, au mois de juillet.*
*Nous avons voyagé en avion, car c'était plus rapide et plus confortable.*

*Nous avons logé dans un petit hôtel près de la mer. L'hôtel était très joli, avec une grande terrasse et une belle vue sur la plage.*
*Pendant notre séjour, nous avons nagé dans la mer, fait des promenades et visité le centre-ville.*
*J'ai aussi goûté des plats monténégrins, comme le poisson grillé et le "njeguški pršut" : c'était délicieux !*

*J'ai beaucoup aimé ce voyage : le temps était magnifique, les gens très sympathiques et la mer chaude et bleue.*

*C’étaient des vacances inoubliables et j’aimerais y retourner un jour.*

**Писмено изразување:** “Mon meilleur voyage”. Учениците составуваат текст (100 збора) во кој го опишуваат своето најубаво патување. Потоа ги разменуваат листовите и заемно се оценуваат според дадена бодовна листа од наставникот/наставничката. Потоа ги прикачуваат коригираните есеи на блогот на паралелката, или на постер.

**Креативна активност:** Учениците, во парови (едниот ученик е новинар, другиот е турист), подготвуваат, а потоа симулираат интервју “Reportage de voyage“.

Тема: ***ЖИВОТНА СРЕДИНА (Околината и грижата за неа)***

Вкупно часови: **16**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да**:**

1. разбере слушнати/пишани едноставни текстови во врска со околината и грижата за неа;
2. разбере слушнати/пишани искази во врска со насоки, совети и забрани за однесување во природа;
3. даде инструкции, совети и забрани за однесување во природа;
4. ја опише, усно или во краток едноставен текст, својата околина и грижата за неа.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| А) Говорни чинови (actes de parole):<br><br>**Барање/давање информации за грижата за околината**<br>*-Qu’est-ce que vous faites pour votre environnement ?*<br>*-Je trie les déchets, j’utilise une gourde au lieu de bouteilles en plastique et je vais à pied à l’école.*<br><br>*-Moi, j’utilise moins de papier.*<br><br>*-Qu’est-ce qu’on peut faire pour protéger la nature ?*<br>*-On peut recycler les déchets, économiser l’eau et* | • Разбира основни информации во слушнат и/или пишан текст во врска со околината и грижата за неа;<br>• Бара/дава, при усна интеракција, информации за грижата за околината.<br>• Дава, при усна интеракција, едноставни инструкции, совети и забрани за однесување во околината.<br>• Ја опишува усно состојбата поврзана со грижата за својата околина.<br>• Составува краток текст за својот придонес во грижата и заштитата на својата околина. |

| | |
|---|---|
| *l'électricité, et ne pas jeter les ordures dans la rue.*<br><br>*-Où se trouvent les poubelles pour le recyclage dans le quartier ?*<br>*-Elles se trouvent près du supermarché et devant l'école.*<br><br>**Давање инструкции, совети и забрани за однесување во околината**<br>*-Respectez la nature !*<br>*-Économisez l'eau!*<br>*-Plantez des arbres et des fleurs!*<br>*-Faites le tri des déchets ! Recyclez-les!*<br>*-Ne jetez pas d'ordures partout ! Déposez-les dans les poubelles !*<br>*-On doit économiser l'eau et l'électricité à la maison.*<br>*-Il faut lutter contre la pollution.*<br>*-Il faut utiliser des moyens de transport moins polluants.*<br>*-Il faut garder les endroits propres.*<br>*-Il faut utiliser moins de plastique.*<br>*-Utilisez des pailles en papier!*<br><br>**Опишување на својата околина и грижата за неа**<br>*- Mon quartier est bien organisé et très propre. Tous les habitants s'occupent de l'environnement. Ils ramassent les déchets, plantent des fleurs et font le tri des ordures. Dans chaque rue, il y a des poubelles de recyclage. Les enfants apprennent à ne pas jeter les papiers par terre et à faire attention à la nature. Grâce à tous ces gestes, notre quartier est agréable, vert et plein de vie !*<br><br>*- J'habite dans un quartier plein d'espaces verts.* | |

| | |
|---|---|
| *- La pollution fait partie de notre vie. Les voitures, les camions, les autobus polluent notre environnement.*<br><br>*-Ma famille contribue à la protection de la nature. On n'utilise pas de sacs en plastique, on participe souvent à des actions écologiques, on utilise le transport public.* | |
| Б) Лексички единици:<br>• Околината и грижата за неа:<br>-les noms : *l'environnement, la nature, la protection de l'environnement, l'écologie, l'air pur, le vert/ les espaces verts, la consommation, la pollution, les ordures, les déchets, la poubelle, le recyclage, le gaspillage;*<br>-les actions: *trier/faire le tri des déchets, recycler, réduire la consommation, nettoyer, protéger, polluer, être éco-responsable, planter des arbres;*<br><br>• Инструкции, совети и забрани за однесување во околината:<br>*-il est interdit de ..., il est autorisé à …*<br>*- Ne pas marcher sur la pelouse.*<br>*-faire attention à …,*<br>*-il faut + ínfinitif.* | • Разбира и набројува зборови и изрази поврзани со околината и грижата за неа;<br>• Пренесува значење или објаснува, на мајчин или на француски јазик, зборови и изрази поврзани со околината и грижата за неа;<br>• Пренесува значење или објаснува, на мајчин или на француски јазик, зборови и изрази поврзани со барање/давање инструкции за однесување во околината;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при опишување на својата околина;<br>• Употребува зборови и изрази поврзани со грижата за околината;<br>• Употребува зборови и изрази во врска со инструкции, совети и забрани за однесување во околината. |

| | |
|---|---|
| В) Граматички содржини:<br><br>• Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:<br><br>- Изговор на вокалите карактеристични за францускиот јазик, прозодиски елементи (акцент, ритам, интонација) и задолжително поврзување при изговор.<br><br>- Член, род и број на именки поврзани со темата, придавки, заменки, прилози за место (*ici, là, devant, derrière, loin, près, partout, autour (de)* … ), предлози и сврзници.<br><br>- Глаголски времиња и начини: индикатив сегашно време; *il faut + infinitif*, заповеден начин во потврдна и одречна форма.<br><br>- Реченици: исказна (потврдна и одречна форма), прашална и извична. | • Употребува доволно правилен изговор и интонација;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Употребува правилни форми на именки и придавки поврзани со темата;<br>• Употребува правилни форми на заменки поврзани со темата;<br>• Правилно употребува форми на глаголи во сегашно време поврзани со темата;<br>• Правилно употребува глаголски форми во заповеден начин;<br>• Употребува соодветни прилози за место во даден контекст;<br>• Употребува соодветни предлози и сврзници во даден контекст;<br>• Користи едноставни расказни (потврдна и одречна форма), прашални и извични реченици при усно и писмено изразување. |

**Примери за активности**

**Слушање/читање краток едноставен текст/слика/видео/аудио снимка проследено со некоја од следниве активности:** давање претпоставки, одговорање на прашања за глобално разбирање (*qui, quoi, quand, comment, où*), точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации, прашања со повеќечлен избор.

*Une journée écologique*

*Chaque année, de nombreuses écoles italiennes organisent une journée écologique. Les élèves et les professeurs nettoient les parcs, les rues et les cours des écoles.*
*Ils ramassent des bouteilles en plastique, du papier, du verre et des canettes. Ils trient les déchets pour le recyclage et mettent tout dans les conteneurs appropriés.*
*Pendant la journée, certains élèves plantent des arbres et des fleurs. D'autres écrivent des panneaux écologiques avec des phrases comme « Respecte la nature ! » ou « Ne jette pas le plastique par terre ! ».*
*Parfois, les parents participent aussi.*
*À la fin, tout le monde est fatigué, mais heureux d'avoir un environnement plus propre et plus vert, et d'avoir appris de petits gestes comme ceux-ci qui aident à protéger la planète.*

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето.* Наставникот дава листа со зборови поврзани со околината и грижата за неа (*l'air pur, le vert, la nature, les ordures, la poubelle, la pollution, polluer, nettoyer, protéger, faire attention à, interdire/ défendre de/d'...,* ). Учениците дополнуваат реченици со зборови од листата (пр. *Chaque été, je vais à la campagne. J'aime beaucoup _______ et respirer _______. Il y a beaucoup d'arbres et de fleurs, c'est très joli. Malheureusement, certaines personnes jettent _______ par terre. Il faut mettre les _______ au bon endroit. Sinon, cela fait de la _______ et cela peut _______ l'environnement. Pour garder la campagne propre, nous devons _______ et _______ les rivières et les forêts. Il est important de _______ ce que nous faisons et de _______ jeter les déchets dans la nature.)* Потоа, заеднички ги проверуваат решенијата и доаѓаат до значењето на дадените зборови.

**Вежба:** *Conseils verts* - Учениците добиваат опис на ситуации за кои треба да дадат инструкции користејќи го заповедниот начин. *Пр.: Ton ami gaspille l'eau. Que lui dis-tu ? -Ferme le robinet ! Ne gaspille pas l'eau ! ; Ton père va au travail en voiture ? - Utilise le vélo pour aller au travail ! Utilise les transports en commun !*

**Вежба:** Учениците го увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет-страниците за учење француски јазик).

**Вежба:** *Игра - Tu dois …./ Tu ne peux pas.* Учениците, во групи, пополнуваат дадена табела за она што мора и не може да се прави во околината и грижата за неа. Групата со најмногу точни реченици е победник.

**Усно изразување:** Секој ученик кажува по пет добри практики за однесување во својот дом или во училиштето.
*Пр.:*
*-Que fais-tu pour respecter l’environnement ?*

*-J’éteins les lumières avant de sortir de la maison.*
*-Je recycle le plastique.*
*-Je prends les transports en commun.*
*-Je ramasse les déchets et je les recycle.*
*-Je consomme peu d’eau.*

**Усна интеракција:**

*Julie : Salut Manu ! Aujourd’hui à l’école, nous avons parlé d’écologie.*
*Manu : Vraiment ? C’est super ! Que pouvons-nous faire pour aider l’environnement ?*
*Julie : Nous pouvons recycler le plastique et le papier.*
*Manu : Exact ! Et il faut éteindre les lumières quand elles ne servent pas.*
*Julie : C’est vrai. Et au parc, il est important de ne pas jeter les déchets par terre.*
*Manu : Moi, je vais souvent à vélo au lieu d’utiliser la voiture.*
*Julie : Bravo ! Comme ça, l’air reste plus propre.*

**Писмено изразување:** *"Moi, écolo !" (Јас, еколошки свесен/а!)* Учениците да напишат краток текст (8–10 реченици) во кој ќе зборуваат за своите навики поврзани со животната средина и што би сакале да сменат или подобрат.

**Креативна активност:** *Однесување во природа.* Учениците, поделени во групи, изработуваат плакати, паноа или објави на социјалните мрежи. Група 1: Забрана за однесување во природа. Група 2: Дозволено однесување во природа. Група 3: Инструкции за однесување во природа.

| Тема: ***СРЕДСТВА И НАЧИНИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА***<br>Вкупно часови: **14** | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да**:**<br>1. разбере едноставен слушнат/пишан текст поврзан со средствата за комуникација;<br>2. разбере најчесто употребувани кратенки во електронски пораки;<br>3. побара/даде усна информација за средствата за комуникација што ги користи;<br>4. напише едноставен текст/електронска порака во кој/-ја искажува свое лично мислење за средствата на комуникација што ги користи. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| А) Говорни чинови (actes de parole):<br>**Барање/давање информации за средствата за комуникација**<br><br>*-Quel est ton moyen de communication préféré ?*<br><br>*-Tu préfères parler au téléphone ou envoyer des messages ?*<br><br>*- Est-ce que tu utilises souvent les réseaux sociaux ?*<br>*- Oui, tous les jours. J'aime partager des photos et discuter avec mes amis.*<br>*- Moi, je n'aime pas trop. Je préfère envoyer des e-mails ou des SMS.*<br><br>**Искажување лично мислење за најчесто користените средства за комуникација** | • Разбира слушнати/пишани кратки едноставни текстови во врска со средствата за комуникација;<br>• Прашува/одговара, во усна интеракција, за средствата за комуникација;<br>• Зборува за средства за комуникација што најчесто ги користи.<br>• Пишува едноставен текст/електронска порака во кој/-ја искажува свое лично мислење за средствата за комуникација. |

| | |
|---|---|
| *- À mon avis, le portable est très utile.*<br><br>*- Je pense qu'on ne doit pas utiliser le portable en classe.*<br><br>*-Les réseaux sociaux permettent de rester en contact.*<br><br>*- On devrait passer moins de temps sur les écrans.*<br><br>*-Je pense que les portables sont utiles parce qu'on peut communiquer facilement.*<br><br>*-Selon moi, les jeunes passent trop de temps sur Internet.*<br><br>*- Moi, je préfère FB. La communication y est plus facile.* | |
| Б) Лексички единици:<br>• средства за комуникација :<br>les noms: *moyens de communication, le téléphone portable, la tablette, l'ordinateur, le casque, la Webcam, ….*<br>*Internet, les réseaux sociaux : FB, Instagram, Tik Tok, le SMS, le message électronique/ e-mail, la communication à distance, le site, le courriel, le chat, le logiciel, l'abréviation,…*<br>les actions: *naviguer, taper, écrire un texto, annuler, archiver, confirmer, appeler, décrocher / raccrocher, télécharger, copier, coller, enregistrer;* | • Разбира и набројува зборови и изрази поврзани со средствата за комуникација;<br>• Ги разбира најчесто употребуваните кратенки во електронски пораки и СМС;<br>• Пренесува значење или објаснува, на мајчин или на француски јазик, зборови и изрази поврзани со средствата за комуникација;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази, при разменување информации за средствата за комуникација;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при искажување свое мислење за средствата за комуникација;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази, во едноставен текст, поврзани со средствата за комуникација. |

| | |
|---|---|
| • Најчести кратенки во комуникацијата помеѓу младите во Франција:<br>*un msg, un SMS,*<br>*Bjr; A+; RDV; BD, math, pq ,*<br>*tkt (Ne t'inquiète pas !")*<br>*En+, bcp, Slt à ts!*<br><br>• изрази за искажување мислење:<br>*Je pense que… / À mon avis,... / Selon moi,..* | |

| | |
|---|---|
| В) Граматички содржини:<br><br>Повторување, продлабочување знаења поврзани со:<br><br>• Изговор на вокалите карактеристични за францускиот јазик, прозодиски елементи (акцент, ритам, интонација) и задолжително поврзување при изговор.<br><br>• Член, род и број на именки, придавки, заменки, прилози, предлози поврзани со темата.<br><br>• Глаголски времиња и начини: сегашно време од индикатив;<br><br>• Реченици: исказна (потврдна и одречна форма), прашална. | • Употребува доволно правилен изговор и интонација;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази.<br>• Употребува правилни форми на именки и придавки поврзани со темата;<br>• Употребува правилни форми на заменки, прилози и предлози поврзани со темата;<br>• Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во сегашно време.<br>• Користи едноставни исказни и прашални реченици при усно и писмено изразување. |

**Примери за активности:**

***Бура на идеи.*** Наставникот запишува на табла: Les moyens de communication. Учениците кажуваат зборови и изрази поврзани со темата, а наставникот ги запишува на табла.

**Слушање/читање краток едноставен текст/слика/видео/аудио снимка проследено со некоја од следниве активности:** давање претпоставки, одговорање на прашања за глобално разбирање (qui, quoi, quand, comment, où), точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации, прашања со повеќечлен избор.

*La communication aujourd'hui*

*Aujourd'hui, les gens communiquent de plusieurs façons différentes. Autrefois, on écrivait des lettres ou des cartes pour les amis et la famille. Aujourd'hui, il est plus facile d'utiliser des messages instantanés, des e-mails ou les réseaux sociaux comme Instagram, TikTok et WhatsApp.*
*On peut envoyer et recevoir des messages, des photos, des vidéos ou des stories en quelques secondes. Beaucoup de gens utilisent aussi des appels vidéo sur Zoom, Meet ou WhatsApp pour parler avec des amis, la famille ou pour l'école.*
*La communication aujourd'hui est rapide, mais il est toujours important d'écrire et de parler avec politesse, même sur les réseaux sociaux : ne pas partager de données personnelles, commenter avec respect et utiliser les bonnes abréviations.*

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето*. Учениците, индивидуално, ги поврзуваат зборовите и изразите со соодветните синоними или објаснувања: *SMS, Message électronique / Email/ Appel téléphonique/ Préfixe/ Signature/ Sonner / Retentir/ Publication sur les réseaux sociaux/ Commenter/ Partager/ Écrire un message électronique/Envoyer / recevoir un message électronique…* Ги кажуваат решенијата пред паралелката, наставникот ги коригира, доколку е потребно, а учениците доаѓаат до значењето на зборовите и изразите поврзани со темата.

**Вежба:** Учениците пополнуваат празни места во даден текст со соодветни зборови и изрази, пр. *Marie ____________son Insta chaque jour. Elle y _______ des photos chaque jour. Mais, maintenant, son profil ____________ et elle est sur FB*.

**Вежба:** Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет-страниците за учење француски јазик).

**Усно изразување:**

*J'utilise souvent WhatsApp et Instagram pour parler avec mes amis. C'est facile et rapide. Mais parfois, je passe trop de temps sur mon téléphone.*
*Je pense que les réseaux sociaux sont bien, mais il ne faut pas en abuser.*

**Усна интеракција:**
Luc : *Salut Emma ! Tu préfères envoyer des SMS ou parler au téléphone ?*
Emma : *Moi, j'adore les messages ! C'est rapide et pratique.*
Luc : *Tu utilises WhatsApp ?*
Emma : *Oui, et parfois les mails pour l'école.*

**Писмено изразување:** *Une journée sans internet.* Учениците составуваат едноставен текст (80–100 збора) во кој опишуваат еден ден поминат без телефон, интернет и социјални мрежи.

**Креативна активност.** Учениците спроведуваат анкета во паралелката за различните видови комуникација и резултатите ги внесуваат во дијаграм. Потоа прават мини-презентација (L*ettres, SMS, E-mail / Courriel, Appels téléphoniques, Réseaux sociaux*).

Тема: ***КУЛТУРА И ИНТЕРКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА***

Вкупно часови: Се реализира во рамки на часовите наменети за другите теми, во текот на целата учебна година.

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/-на да:

1. демонстрира способност за препознавање и разбирање на културни информации преку употреба на стекнатиот вокабулар и граматички структури;
2. ги применува новостекнатите јазични и културни знаења за анализа и интерпретација на текстови, медиуми и активности релевантни за дадените култури;
3. го користи стекнатиот вокабулар и граматички структури за да, на едноставен начин, опише и спореди обичаи, традиции и културни практики меѓу сопствената и дадената култура.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развива емпатија и почит кон луѓето од различни културни позадини;
2. има позитивен став кон културните разлики и културната разновидност;
3. ја разбира и прифаќа вредноста на мултикултурниот дијалог како начин за збогатување на сопствените погледи и искуства;
4. размислува критички за сопствените ставови и предрасуди кон други култури;
5. ги почитува универзалните вредности како што се толеранцијата, соработката и меѓусебното разбирање.

<table>
<tr><th>Содржини (и поими):</th><th>Стандарди за оценување:</th></tr>
<tr><td>Содржините во наставната програма се насочени кон запознавање на учениците со културните, цивилизациските, социјалните и социојазичните аспекти на земјите каде што се зборува на француски јазик. При тоа треба да овозможат развивање културна свест, разбирање на културните разлики и споредба со сопствената култура.</td><td>• Идентификува значајни обичаи и традиции на дадена култура.<br>• Ги објаснува основните концепти и вредности што ги одразуваат културните практики на земјите во кои се зборува на француски јазик.<br>• Ги опишува сличностите и разликите помеѓу обичаите, традициите и навиките во дадената и сопствената култура, користејќи релевантни примери.<br>• Ги препознава и толкува културните и цивилизациските обележја на Франција, објаснувајќи го нивното значење.<br>• Ги применува стекнатите јазични вештини и знаењата за културата и во ситуации кои бараат интеркултурна комуникација.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Примери за активности:<br><br>Индивидуална активност: "Carnet interculturel – Mon carnet franco-macédonien". Секој ученик изработува „интеркултурен дневник“ (carnet interculturel) – во кој ги опишува, анализира и споредува навиките и средствата за комуникација на младите Французи и младите во Македонија. Интеркултурниот дневник може да се изработи на лист, во тетратка, со помош на копјутерски алатки или во друга форма.<br><br>Квиз: Учениците, поделени во мали групи, се натпреваруваат на квиз со прашања од типот "Точно/Неточно", "Избери го точниот одговор" или "Пополни ги празните места", во врска со културните и цивилизациските обележја на Франција.<br><br>Дебата: Учениците, поделени во две групи, дебатираат, на мајчин или на француски јазик, на тема Еколошката свест е поразвиена кај младите во Франција/Македонија? по претходно истражување.<br><br>Дискусија: Наставникот отвора дискусија со прашањето: Peux-tu me dire comment on trie les déchets dans notre ville ? Учениците ги споделуваат своите размислувања.<br><br>Играње улоги: Учениците симулираат телефонски разговор со лица што зборуваат француски јазик при онлајн купување. Притоа треба да користат правилни изрази и социокултурни комуникациски норми.<br><br>Истражувачка активност: Омилените дестинации за одмор на Французите. Учениците се поделени во две групи. Според насоки од наставникот, едната група бара информации од интернет за дестинациите за одмор на Французите во последното лето, а втората бара</td></tr>
</table>

информации за дестинациите за одмор на Македонците истото лето. Во рамките на својата група ги разменуваат информациите, ги одбираат најзначајните и ги презентираат пред паралелката. Потоа, заеднички прават споредба на омилените дестинации на населението од двете земји.

**Креативна активност:** *Дигитално модно списание.* Учениците се делат во две групи. Секоја група треба да избере име на своето списание и да креира насловна страница (со слика и наслов) на пр. *Un look parfait pour l'automne, Étoiles de la Mode, Chic et Urbai*n,... Првата група избира креации од македонски модни креатори, додека втората избира француски модни креатори. Потоа секоја група го претставува своето модно списание пред паралелката и се воочуваат сличностите и разликите во доменот на модата.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите ,ожни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

По предметот Француски јазик за II година на гимназиското образование, учениците ги совладуваат петте јазични вештини: разбирање при слушање, разбирање при читање, зборување (говорна интеракција и говорна продукција), пишување (писмена интеракција и писмена продукција) и јазично посредување (медијација). За таа цел наставникот/наставничката ги следи и ги оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во дијалози со примена на усвоената лексика;
- усното изразување на доволно правилен начин за да биде разбран;
- разбирањето на слушнати и /или пишани искази, дијалози и куси текстови;
- пренесувањето говорени и пишувани искази од француски на мајчин јазик и обратно;
- правилното пишување зборови, реченици и дијалози, како и пишувањето пораки, лични писма, покани, електронски писма, насочени состави, парафразирање кратки текстови и пишување сопствено мислење на дадена тема;
- индивидуалните и групните изработки на проектни задачи (постери, илустрации, презентации);
- домашните задачи.

Оценувањето на постигнувањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците.

Вреднувањето на напредокот на учениците со бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување се врши по завршување на учењето на секоја тема, на крајот на полугодието и на крајот на учебната година. Сумативната оценка се изведува како комбинација од оценката за напредувањето, констатирана преку различните техники на формативно оценување и од писмените проверки на компетенциите на учениците (работни ливчиња, тестови, писмени работи) на тест на знаење.

Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти и тестови.

Оценувањето е составен, а не изолиран дел од наставниот час. Проверката на знаењето, како и оценувањето на учениците, не треба да се разликува од редовните активности во текот на часот, односно учениците не треба да се издвојуваат поединечно при усната проверка на знаењето.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2026/2027 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 21 став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Француски јазик* за II (втора) година гимназиско образование.** | бр. 13-13739/5<br><br>28.10.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>Проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>_____________________________ |